ПРАКСИС
Правото на дланка

Број на Службен весник:180/2015
Датум на објава на Службен весник:19.10.2015
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.10.2015 година, донесе

# УРЕДБА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ НА ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ НА ДАРОВИ,ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДАРОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ПРОЦЕНА НА ДАРОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ДОПЛАТА ЗА ЛИЧЕН ДАР, КАКО И КОРИСТЕЊЕТО,ЧУВАЊЕТО И ЕВИДЕНЦИЈАТА НА СТВАРИТЕ ШТО СТАНАЛЕ ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ПО ПАТ НА ДАР

### Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавувањето на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар.

### Член 2

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следново значење:

1. „Дарови“ се:

- недвижни ствари кои стануваат сопственост на Република Македонија по пат на дар и

- движни ствари (книги, сувенири и други слични предмети) што функционерите,

односно претставниците на државните органи ги даваат на претставници на странски држави, нивни органи или организации, меѓународни организации или странски правни лица како и на домашни и странски физички и правни лица кои се заслужни за меѓународна афирмација за развојот на Република Македонија во прилики во кои вообичаено се разменуваат подароци, односно движни ствари кои функционерите односно претставниците на државните органи ги примаат од претставници на странски држави, нивни органи и организации, меѓународни организации или странски правни лица во знак на соработка, благодарност или почит.

2. „Евиденција на примени дарови“ е единствена листа која се води врз основа на пријавените примени дарови.

## 1. ДАВАЊЕ ДАРОВИ

### Член 3

(1) Претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија како дар можат да даваат дарови од домашно производство во износ не поголем од 500,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на набавката на дарот.

(2) Членовите на Владата на Република Македонија како дар можат да даваат дарови од домашно производство во износ не поголем од 250,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на набавката на дарот.

(3) Претставници на државните органи односно лица што се определени да ја претставуваат Република Македонија како дар можат да даваат дарови од домашно производство во износ не поголем од 100,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на набавката на дарот.

### Член 4

Како дарови не можат да се даваат предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за Република Македонија, а кои се заштитени со закон.

## 2.ПРИМАЊЕ ДАРОВИ

### Член 5

(1) Република Македонија, државните органи и функционерите, односно претставниците на државните органи, можат да примаат дарови кои по примањето стануваат ствари во државна сопственост освен даровите кои стануваат личен дар согласно членот 6 став (1) и (2) од оваа уредба.

(2) Државните органи се должни по пријавувањето да обезбедат проценка на примените дарови.

(3) Проценката на даровите од став (1) на овој член ја вршат овластени проценители согласно Законот за процена и истата се евидентира како сметководствена вредност на ствартa.

### Член 6

(1) Функционерите од член 3 став (1) и (2) од оваа уредба, примениот дар од претставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржат во сопственост, како личен дар доколку вредноста на примениот пригоден дар не ја надминува вредноста од 100 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на примање на дарот.

(2) Дар чија вредност надминува 100 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на примање на дарот, може да биде задржан во сопственост како личен дар, доколку функционерот на државниот орган ја доплати разликата до вредноста на дарот утврдена согласно член 5 став (3) од оваа уредба, на сметка на Буџетот на Република Македонија.

(3) За даровите кои ги примаат лицата кои се овластени да ги претставуваат државните органи, а кои се од редот на стручните и административни службеници, се применува Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/2014 ).

### Член 7

(1) Функционерите, односно претставниците на државните органи, се должни во рок од осум дена од приемот на дарот да го пријават и да го предадат примениот дар на органот во кој ја извршува должноста.

(2) Пријавата за примен дар треба да ги содржи следните податоци:

- име и презиме на примателот на дарот,

- функцијата која ја извршува,

- назив на органот во кој ја врши функцијата,

- име и презиме и адреса на дарителот, односно назив и седиште на правното лице или органот, доколку дарот е даден во име на правно лице или орган,

- датум на прием на дарот,

- поводот за врачување на дарот, опис на дарот и

- изјава дали примениот дар ќе го задржи во сопственост како личен дар.

### Член 8

(4) Органот во кој функционерот ја извршува должноста води евиденција на примените дарови, врз основа на известувањата за примени дарови, која евиденција ги содржи следниве податоци:

-име, презиме и адреса на функционерот кој примил дар, должноста која ја извршувал во моментот на примање на дарот;

- име, презиме и адреса на дарителот, односно име и седиште на државниот орган или правното лице;

-опис на дарот;

- проценета вредност на дарот;

-датум на дарување;

-во чија сопственост ќе биде дарот (лична или државна) и

-датум на предавање на дарот на органот во кој функционерот ја извршува должноста.

## Член 9

(1) Примените дарови кои се државна сопственост кои имаат употребна вредност, државните органи можат да ги користат за извршување на работите од својата надлежност.

(2) Примените дарови кои неможат да се користат во смисла на став (1) од овој член, државните органи треба да ги складирааат, чуваат или изложуваат.

(3) За примените дарови кои треба да се чуваат, складираат или изложуваат државниот орган обезбедува посебна просторија во која ке имаат пристап само лицата овластени од функционерот на органот, кои треба да се грижат за одржување и проверка на состојбата на даровите, односно да се обезбеди посебен простор за нивно изложување доколку се работи за дарови од уметничко, културно или историско значење.

## Член 10

(1) Република Македонија може да се стекне со недвижни ствари по пат на дар од домашни и странски физички и правни лица врз основа на еднострана изјава на волја на дарителот, дадена пред органот надлежен за имотно-правни работи на чие подрачје се наоѓа недвижноста.

(2) Едностраната изјава на волја ја дава физичкото лице сопственик на недвижната ствар која е предмет на дар, односно лицето кое го претставува правното лице сопственик на недвижната ствар која е предмет на дар.

(3) Едностраната изјава на волја се нотира на записник кој треба да ги содржи следните податоци: назив на органот пред кој се дава изјавата, име и презиме на дарителот физичко лице, односно на лицето кое го претставува правното лице сопственик на недвижната ствар која е дар, податоци од имотен лист за недвижноста што се подарува (катастарска парцела, катастарска општина, површина, катност), потпис на дарителот и на службеното лице во органот надлежен за имотно–правни работи во кој се дава изјавата и печат на органот на длежен за имотно правни работи.

(4) Од страна на органот надлежен за имотно-правни работи на чие подрачје се наоѓа недвижноста, едностраната изјава на волја од став 2 на овој член и записникот се доставуваат на мислење до Државното правобранителство на Република Македонија.

(5) По добиеното позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Македонија, едностраната изјава на волја и записникот се доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности заради запишување на недвижната ствар од став (1) на овој член во сопственост на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

## 3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 11

Со денот на влегување во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за критериумите и постапката за давање на подароци од средствата што ги користат органите на државната власт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/2002) и Упатството за начинот на евидентирање и чување на подароци добиени од претставници на странска држава, орган, организација или институција на странска држава орган, организација или институција на странска држава, меѓународна организација или странски државјанин („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2003).

## Член 12

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-9973/1
13 октомври 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република Македонија,
м-р Владимир Пешевски, с.р.